Врз основа на член 65 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 30 август 2019 година, донесе

# ЗАКЛУЧОК

## за утврдување на Нацрт - Статутарната одлука за измени и дополнувања на Статутот на Општината Куманово

1. Се утврдува Нацрт - Статутарната одлука за измени и дополнувања на Статутот на Општината Куманово.

2. Утврдениот текст на Нацрт - Статутарната одлука се става на јавна расправа и истиот ќе се објави на интернет страницата на Општина Куманово.
   Јавната расправа ќе трае 30 дена, почнувајќи од наредниот ден од објавувањето на овој заклучок во „Службен гласник на Општина Куманово".

3. Забелешките и предлозите од јавната расправа се доставуваат до Комисијата за Статут и прописи на Советот на Општина Куманово.

4. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 5430/30
30 август 2019 година
Куманово

**Совет на Општина Куманово**
Претседател,
Атина Мургашанска